# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 05 Год. XVI 06 март 2013 г. примерокот е бесплатен
www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: вонредна седница

**Совет на општина Василево**

1. **ОДЛУКА** за аплицирање и имплементирање на проектот Одржливо користење и пристап до културните ресурси – СУАКУЛТ за промоција на прекуграничната соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија со финансиска помош од ИПА Програмата за прекуграничната соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија.....................02

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за аплицирање и имплементирање на проектот „ одржливо користење и пристап до културните ресурси акроним СУАКУЛТ„ за промоција на прекуграничната соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија со финансиска помош од ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 01.03.2013 година

Бр.08-605/2
01.03.2013 г
Василево

Општина Василево
Градоначалник
Ванчо Стојанов с.р.

----------------------------------------------

Советот на општина Василево врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр.4/03, 8/06 и 9/10), на својата седница ја донесе следната

**ОДЛУКА**
за аплицирање и имплементирање на проектот „Одржливо користење и пристап до културните ресурси - СУАКУЛТ“ за промоција на прекуграничната соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија со финансиска помош од ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија

**Член 1**

Со оваа Предлог-Одлука Советот на општина Василево ја прифаќа проектната апликација водржливо користење и пристап до културните ресурси со акроним СУАКУЛТ)г а на англиски јазик „Sustainable usage and access to cultural resources with acronym SUACULT“, заеднички проект на Општина Василево - Република Македонија и Општина Струмјани - Република Бугарија за негово аплицирање по третиот повик од ИПА Програмата, за промоција на прекуграничната соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија, и по неговото усвојување, дава согласност овој проект да биде имплементиран со финансиски средства од ИПА Програмата Бугарија - БЈРМ.

**Член 2**

Проектот на општина Василево и општина Струмјани се состои од:

| | |
|---|---|
| **Име на проектот:** | вОдржливо користење и пристап до културните ресурсиг |
| **Кратеница/акроним** | СУАКУЛТ - SUACULT |
| **Носител на проектот: (име/држава)** | Општина Струмјани Република Бугарија |
| **Партнер** | Општина Василево |
| **Програма** | ИПА Програмата за прекуграничната соработка помеѓу Република Бугарија и БЈРМ |
| **Буџетска линија број №** | 2007CB16IPO007-2012-3 |
| **Приоритетна оска 2:** | Подобрување на квалитетот |
| **Област на интервенција 2.2:** | Користење на културните ресурси |
| **Времетраење на проектот (во месеци)** | 18 |
| **Вкупен Буџет (во €)** | 300.000,00 |
| **Буџет за општина Василево (во €)** | 100.000,00 |
| **Цели на проектот:** | |

| | |
|---|---|
| **Општа цел:** | **Општа цел на проектот е** да се поттикне прекуграничната соработка во областа на културните богатства и со тоа да се придонесе кон подобрување на квалитетот на животот на жителите на општините Василево и Струмјани, со кое ќе го зголеми нивото на прекуграничниот културен туризам и ќе ја зголеми јавната свест за културното наследство на општините Василево и Струмјани. |
| **Специфични цели:** | **Специфични цели на проектот се:**<br>1.Подобрување на пристапот до културните локалитети и развој на културната инфраструктура во двете општини кои ќе го подобрат квалитетот на животот во прекуграничниот регион;<br>2. Развој на културниот туризам како можност за самовработување;<br>3.Охрабрување на културниот туризам како фацтор за социјална кохезија и подобрување на квлатитетот на животот во прекуграничниот регион;<br>4.Економски и социјален развој на прекуграничниот регион преку реконструкција на културните инфраструктури;<br>5.Подобрување на културната соработка меѓу општините Струмјани и Василево;<br>6. Подобра прекугранична соработка на културните институции и организации лоцирани во општините Струмјани и Василево; и<br>7.Подигнување на свеста за културните ресурси преку спроведување на пошироки кампањи во прекуграничниот регион за постигнатите резултати од проектот. |

**Член 3**

Проеку овој проект во општина Василево ќе се изврши реконструкција и адаптација на стара зграда на милиција во село Доброшинци во мултифункционален центар а во општина Струмјани ќе се изврши подобрување на локалниот пат до археолошките ископувања, изградба на паркинг простор и место за одмор на туристите во село Микрево.

**Член 4**

Советот на општина Василево го овластува и го задолжува Градоначалникот на општина Василево да го имплементирање, по прифаќање на проектната апликација од страна на Управувачкиот одбор на ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија - БЈРМ.

Советот на општина Василево го овластува Градоначалникот на општина Василево да го потпиеше договорот за партнерство со општина Струмјани - Република Бугарија за овој проект.

**Член 5**

Советот на општина Василево се обврзува од кога проектната апликација биде усвоена од Управувачкиот орган на ИПА Програмата Бугарија - БЈРМ за прекугранична соработка, доколку се појави потреба, да обезбеди средства од Буџетот на општина Василево за негово дофинансирање.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Василево.

Бр.07-605/1
01.03.2013г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Лилјана Соларова с.р